ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 04-1422/10
18.06. 2025 год.
Ново Село

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, и 11/18 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на Општина Ново Село , донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во Општина Ново Село**

1. За извршител на работно место Помлад соработник за правни прашања од областа на Урбанизмот со шифра УПР0101В04000 во одделението за урбанизам, градење и заштита на животната средина, по јавен оглас број 225/2025 се избира кандидатот со идентификациски код 3А68С41 Весна Николовска.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука , за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во врска со јавниот оглас бр. 225/2025 објавен на ден 08.05.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха за пополнување на работно место преку спроведување на на постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр. 10-931/3 од 12. 05.2025, на ден 23.05.2025 година изврши административна селекција и констатира дека за огласеното место под број 1 уредно се пријавени 5 кандидати ( записник бр. 10-931/4 од 23.05.2025 година).

На ден 11. 06. 2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за административен службеник (записник бр. 10-931/6 од 11.06. 2025 ), а на ден 13.06. 2025 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник (записник бр. 10-931/8 од 13.06. 2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр. 225/2025 и истиот беше доставен до Градоначалникот на Општина Ново Село.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Општина Ново Село
Градоначалник,
Ѓорѓе Божинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА НОВО СЕЛО